РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Архивски број: 04-28/2
09.01 2026 година, Скопје

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр 11/18, 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуга за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**

за избор на 1 (еден) извршител – кандидат за административен службеник за работно место број 1 по Јавен оглас број 911/2025

1. За извршител на работите на работно место бр. 1 - РКЕ 01 01 В03 001 – Соработник за пазар на електрична енергија, во Одделение за пазар на електрична енергија, во Сектор за електрична енергија, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот **Душица Златева.**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

***Образложение:***

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на директорот на Агенција за администрација бр. 10-1938/9 од 19.11.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на администартивниот службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавување на Јавен оглас број 911/2025, објавен на 30.07.2025 година во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија"и „Коха", спроведе постапка за селекција за вработување на наведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, односно административната селекција, испитот за административен службеник и проверка на веродостојност на доказите и интервју, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 911/2025 број 10-1938/14 од 30.12.2026 година, врз основа на кои Претседателот на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуга за

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-036/2019
ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

управување со комунален отпад на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена по објавувањето на истата на интернет страницата и огласна табла на Агенцијата.

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуга за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Доставено до
- Именуваниот,
- Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи
- Архива
- Агенција за администрација